# Проверка на работниците во Програмата NDIS: Што треба да знаат учесниците во Програмата NDIS кои сами управуваат со своите поддршки и услуги

Проверката на работниците во Програмата NDIS  (Проверката на работниците) (NDIS Worker Screening Check - Worker Screening Check) ќе почне на 1 февруари 2021 г. во сите држави и територии, со исклучок на Северната Територија.

Проверката на работниците во Северната Територија ќе почне не подоцна од 1 јули 2021 г.

Овој информативен лист објаснува што претставува проверката на работниците и како вам ќе ви користи Проверката на работниците.

За да ви помогнеме да разберете некои од зборовите и изразите што ги користиме, имаме список на нашето место на интернет.

## Што значи проверувањето на работниците?

Проверувањето на работниците е начин на кој се проверуваат работниците во Програмата NDIS за да се осигури дека кај нив не постои висок степен на опасност да им наштетат на луѓето со онеспособеност со кои тесно соработуваат.

## Што е тоа Проверка на работниците?

Од 1 февруари 2021 г., за сите работници во Програмата NDIS кои работат на одредени работни места што со себе носат повисок степен на можна опасност за клиентите (одредени работни места) ќе се применува Проверка на работниците.

Тоа значи дека, со текот на времето, работниците во Програмата NDIS ќе бидат проверувани на ист начин во сите држави и територии.

Проверката на работниците ќе утврди дали некое лице ќе добие или нема да добие одобрение да работи на одредени работни места со луѓе со онеспособеност.

Проверката на работниците ќе ја спроведува Одделението за проверка на работниците (Worker Screening Unit - WSU) во државата или територијата каде што лицето ќе го поднесе барањето да му биде направена проверка. Одделението за проверка на работниците исто така е тоа што одлучува дали на некое лице ќе му се издаде или нема да му се издаде одобрение за работа. Регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS се законски обврзани да се осигурат дека на некои работни места вработуваат само работници што добиле одобрение.

Проверката на работниците е само едно од низата законски барања што им се наметнуваат на давателите на услуги од Програмата NDIS за да се сведе на најмала можна мера опасноста дека некој ќе им наштети на луѓето со онеспособеност.

## Кој треба да се подложи на Проверка на работниците?

Од 1 февруари 2021 г., Проверката на работниците ќе ги замени сите други постапки за проверување што се користат во државите и териториите за работниците во Програмата NDIS. Тоа значи дека, со текот на времето, сите работници во Програмата NDIS во Австралија што работат за регистрирани даватели на услуги од Програмата NDIS на одредени работни места ќе се проверуваат со користење на истите критериуми.

Тоа се такви работни места на кои:

- има директен контакт со луѓето со онеспособеност

- се донесуваат одлуки во рамките на организацијата
- даваат некои видови на поддршки и услуги од Програмата NDIS. Тоа не важи за сите поддршки и услуги од Програмата NDIS. На местото на интернет на Комисијата за квалитет и безбедност на Програмата NDIS – Комисијата на Програмата NDIS (NDIS Quality and Safeguards Commission - NDIS Commission) може да најдете список на поддршки и услуги од Програмата NDIS за кои работниците мора да се подложат на проверка.

Регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS треба да осигурат дека работниците на одредени работни места имаат одобрение врз основа на Проверка на работниците.

## Што ќе работат Одделенијата за проверка на работниците?

Одделенијата за проверка на работниците ќе го разгледуваат кривичниот и работниот историјат на луѓето кои поднесуваат барања за Проверка на работниците за да видат дали тие луѓе извршиле одредени престапи или направиле некои други работи поради кои не би требало да работат со учесниците во Програмата NDIS. Одделенијата за проверка на работниците ќе ги донесуваат одлуките во врска со поднесените барања за Проверка на работниците.

Ако Одделението за проверка на работниците одлучи дека некое лице може да работи со учесниците во Програмата NDIS, тогаш тоа лице ќе добие одобрение врз основа на Проверката на работникот. Ако Одделението за проверка на работниците одлучи дека некое лице не треба да работи со учесниците во Програмата NDIS на одредени работни места, тоа лице нема да добие одобрение врз основа на Проверката на работникот.

## Колку долго важи одобрението добиено врз основа на Проверка на работникот во Програмата NDIS?

Работниците што добиле одобрение врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS подлежат на постојан надзор во однос на нивните полициски досиеја и на другите соодветни информации.

Тоа значи дека нивната положба на лице што добило одобрение врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS може повторно да биде разгледана ако Одделението за проверка на работниците или Комисијата на Програмата NDIS добијат нови или ажурирани информации кои навестуваат дека лицето претставува опасност за луѓето со онеспособеност. Ако се случи такво нешто, на тоа лице може да му биде одземено одобрението издадено врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS иако на тоа одобрение уште не му изминал рокот на важење.

Одобренијта издадени врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS имаат рок на важење од пет (5) години.

## Кога треба работниците во Програмата NDIS да поднесат барање за Проверка на работникот?

Ако работниците веќе имаат важечка прифатлива проверка од некоја држава или територија добиена пред 1 февруари 2021 г., (или не подоцна од 1 јули 2021 г. во Северната Територија), можат да ја користат таа проверка додека не ѝ измине рокот на важење или во текот на толкав временски период колку што дозволува владата на таа држава или територија.

Тоа значе дека еден извесен временски период, работниците вработени кај регистрирани даватели на услуги од Програмата NDIS на одредени работни места ќе имаат или прифатлива проверка или одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS.

Кога ќе измине рокот на важење на прифатливата проверка, или кога ќе заврши дозволениот временски период, таа прифатлива проверка веќе нема да важи. По истекот на тој временски период, ако тие работници сакаат да продолжат да работат на одредени работни места кај регистриран давател на услуги од Програмата NDIS, ќе треба да добијат одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS.

Со текот на времето, кога сите други прифатливи проверки веќе нема да важат, сите работници вработени кај регистрирани даватели на услуги од Програмата NDIS на одредени работни места ќе мора да имаат одобрение добиено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS.

Од 1 февруари 2021 г. (или од 1 јули 2021 г. или од денот кога Одделението за проверка на работниците во Северната Територија ќе биде подготвено за работа), новите работници на одредени работни места кај регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS ќе мора да поднесат барање за одобрение врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS ако веќе немаат такво одобрение, или да поседуваат важечка прифатлива проверка.

## Дали на работниците во Програмата NDIS што работат кај нерегистрирани даватели на услуги од Програмата им е потребна Проверка на работниците?

Ако делумно или во целост користите нерегистрирани даватели на услуги за вашиот план од Програмата NDIS, може да изберете:

- да побарате од вашиот работник да ви каже дали има важечка прифатлива проверка од државата или територијата или одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS
- да побарате од вашиот работник да добие одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS
- да не користите нерегистрирани даватели на услуги ако немаат важечка прифатлива проверка или одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS.

Тука спаѓаат и работниците што имаат Австралиски деловен број (Australian Business Number - ABN) (трговци поединци).

Исто така може да му речете на вашиот нерегистриран давател на услуги дека сакате поддршките и услугите од Програмата NDIS што ги добивате од тој давател на услуги да ви ги дава работник што има важечка прифатлива проверка од државата или територијата или одобрение добиено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS.

## Важни работи што треба да ги запомните

- Ако добивате одредени поддршки или услуги од Програмата NDIS од регистриран давател на услуги од Програмата NDIS, неговите работници **мора** да имаат прифатлива проверка или одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците од Програмата NDIS. Таков е законот. Тука спаѓаат услуги за поддршка со однесувањето и специјализирано сместување во случај на онеспособеност.
- Ако вашиот работник од Програмата NDIS е вработен кај регистриран давател на услуги од Програмата NDIS на одредено работно место, тој **мора** да има прифатлива проверка или одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците од Програмата NDIS.
- Ако вашиот работник од Програмата NDIS веќе има важечка прифатлива проверка од државата или територијата, не треба да добие одобрение издадено врз основа на

Проверка на работниците веднаш по 1 февруари 2021 г. (или по 1 јули 2021 г. во Северната Територија).

- Ако сами управувате со вашиот план, нерегистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS и нивните работници не мора да имаат прифатлива проверка или одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците, **освен ако вие побарате од нив да ги имаат**.